Согласно глава 6 од Правилата за котација, известуваме за следната ценовно чувствителна информација:

Известуваме дека ТТК Банка АД Скопје ќе изврши исплата на главницата и тримесечната камата по каматна стапка од 3,5% на годишно ниво на имателите на Корпоративната обврзница – прва емисија на обврзници ИСИН MKTTKS200012 и шифра ТТКО.

Право на исплата на главница и камата имаат лицата кои се регистрирани во книгата на иматели на Корпоративна обврзница - прва емисија на издавачот ТТК Банка АД Скопје во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје заклучно со 17.12.2024 година.

Корпоративните обврзници - прва емисија издадени од ТТК Банка АД Скопје со ИСИН број MKTTKS200012, во количина од 1.500 обврзници, достасува на 18.12.2024 година.

Воедно, информираме дека Банката до Македонска берза на хартии од ведност достави Известување со барање за прекин на тргувањето со Корпоративните обврзници - прва емисија издадени од ТТК Банка АД Скопје во деновите 16 и 17 декември. Со тоа последен ден за тргување на истите ќе биде 13.12.2024 година.